# Упатство за изработување проект по економетрија

Насловната страна на проектот да се преземе од интернет страната на факултетот www.eccfp.uklo.edu.mk.

Проектот треба да се изработи во *Microsoft Word* со македонска поддршка, големина на буквите 12 и проред 1,5.

Максимална должина на проектот не треба да надминува 15 страни, но да не биде помал од 10 страни. Во бројот на страните не влегуваат прилозите во кои треба да се приложат резултатите од обработката на податоците.

Проектот се изработува индивидуално. Секаков вид на плагијаторство ќе биде соодветно санкциониран.

При изработувањето на проектот да се обрне внимание на поврзаноста на проектот со изучените содржини на предавањата и вежбите и задолжително треба да ги содржи следниве работи:

- Вовед (максимум 1 страна – задолжителен опис на предметот, целта и методологијата на истражување);
- Теоретски дел (3-4 страни – задолжителен опис на теоретската позадина за проблемот на истражување);
- Емпириски дел (5-6 страни – задолжителна дескриптивна и економетриска анализа на податоците);
- Заклучок (максимум 1 страна – задолжително сумирање на резултатите од истражувањето и давање соодветни препораки).
- Користена литература
- Содржина

Крајниот рок за предавање на проектот во печатена форма кај предметниот наставник е 15.05.2009 година.

Во термин што ќе биде накнадно утврден на крајот од семестарот секој студент за својот проект ќе треба да изработи презентација во *Power Point*, и истата да ја презентира.

Максимален број на поени за изработениот проект вклучувајќи ја и *Power Point* презентацијата изнесува 10.